# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на | Број 6 | |
| Општината Штип | 4 мај 2006 година | ГОДИНА XLIII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


105.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СЕЛО ВРСАКОВО

I

Се објавува Одлуката за давање под закуп на деловен простор во село Врсаково.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1376/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

106.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“, број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СЕЛО ВРСАКОВО

Член 1

По основ на решение на Владата на Р. Македонија број 23-257/122 од 08.02.2000 година („Службен весник на РМ“, 15/00), Општина Штип е сопственик на деловен простор во с. Врсаково - училилишна зграда во с. Врсаково со површина од 146 $м^2$ и двор 400 $м^2$ евидентирано во поседовен лист 64 на КП.337. Училиштето е неактивно.

Член 2

Општината Штип издава дел од деловниот простор опишан во дел I од оваа Одлука со површина од 30 $м^2$ за период од 5 години, со намена на користење за угостителска или трговска дејност.

Член 3

Почетна цена на закупнината изнесува 1.000 денари месечно. Средствата од закупнината ќе се плаќаат на трезорската сметка на Општината Штип.

Член 4

Издавањето под закуп ќе се изврши по пат на јавно огласување со јавно наддавање.

Со кандидатот кој ќе понуди најповолна цена Општината Штип ќе заклучи договор за закуп.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Штип.

Број 0701-1376/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

107.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА- ИНФОРМАТИЧКИ ЦЕНТАР -ШТИП

I

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање Фондација за развој на информатичката технологија - Информатички центар - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1377/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

108.

Врз основа на член 35 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на РМ", број 31/98) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ
НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА
- ИНФОРМАТИЧКИ ЦЕНТАР-ШТИП

Член 1

Во Одлуката за основање на Фондација за развој на информатичката технологија - Информатички центар - Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 6/04), насловот се менува и гласи: Одлука за основање на Фондација за информатичка технологија и локален економски развој "ЛЕР-ИТ"- Штип.

Член 2

Член 1 се менува и гласи:

"Со оваа Одлука се основа Фондација за информатичка технологија и локален економски развој "ЛЕР-ИТ"- Штип".

Член 3

Во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

"Фондацијата ќе работи под името: Фондација за информатичка технологија и локален економски развој "ЛЕР-ИТ"- Штип".

Член 4

Во член 4 ставот 1 се менува и гласи:

"Фондацијата за информатичка технологија и локален економски развој "ЛЕР-ИТ"- Штип ќе се употребува за остварување на следните цели и активности:

Во истиот член по точката 11 се додава нова точка 12 која гласи:

"Цели и задачи на партнерството за ЛЕР во Фондацијата согласно програмата на партнерството за ЛЕР се:

- Да развие модел за оперативност на партнерството од трите сектори и да ги искористи неговите капацитети;
- Да овозможи целосна апликација на локалната стратегија за економски развој;
- Да учествува во создавањето на услови за економски развој;
- Да обезбедува средства потребни во развојот на бизнисот и локалната инфраструктура во среднорочен развоен циклус;
- Да остварува соработка со владините, невладини институции и други сродни организации;
- Промовирање на локалната стратегија за економски развој на општината и инвестиционите потреби за нејзина реализација;
- Менаџирање на имплементацијата на стратегиите и плановите за развој во соработка со локалните власти и локалните структури на трите заинтересирани сектори (приватен, невладин и јавен);
- Искористување на веќе создадените капацитети и улови на информационо комуникациони бази во општината како електронска поддршка на сите заинтерсирани страни во локалниот развој;
- Активно учество во идентификувањето на финансиски ресурси и практичното насочување на истите кон приватните, јавните и невладините структури за нивно учество во микро, макро и регионални проекти;
- Промовирање на иновациски пристапи во промоцијата на државно-приватните партнерски активности во нивната борба за тековен и иден одржлив економски развој;
- Следење и поттикнување на заеднички иницијативи од локалната со другите општини за покомплексни прашања и проблеми, кои преку меѓуопштински проектни решенија битно ќе ги унапредуваат и условите за локален развој;
- Поврзување со активни програми и фондации кои од државно ниво пласираат средства за нови инвестициони вложувања во сферите кои непосредно влијаат на развојот на локалната самоуправа, а не се содржани во усвоената стратегија;
- Изработување проекти од локален интерес и поддршка на веќе проектираните индивидуални идеи за приватен и јавен развој, со промоција пред евентуални донатори на средства;
- Изнаоѓање инвеститори и менаџирање со средствата од истите во насока на локален економски развој;
- Давање консалтинг услуги на сите заинтересирани странки со цел поттикнување на индивидуалниот бизнис и преку него стимулирање раст на локалната економија."

Член 5

Во член 6 во ставот 1 на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите "и поддршка на Локалниот економски развој во Општината".

Во став 2 зборовите "пет (5)" се заменуваат со зборовите "седум (7)".

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701- 1377/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

109.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА"ДОМ НА МЛАДИ"- ШТИП

I

Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Општинската установа за култура "Дом на млади" - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1378/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

110.

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите ( "Службен весник на РМ"број 32/05) и член 21 точка 21 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип"број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКАТА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА "ДОМ НА МЛАДИ"ШТИП

Член 1

Се дава согласност на Статутот на Општинската установа за култура "Дом на млади"Штип со следните забелешки:

- Во член 2, став1,алинеа 1,зборовите"Република Македонија" да се бришат.
- Во член 12, ставот 3 да гласи"Градоначалникот на Општината го избира директорот најдоцна 3 месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор".

Член 2

Составен дел на Одлуката е Статутот на Општинската установа за култура "Дом на млади"Штип.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701- 1378/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

111.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1379/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

112.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/6), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Од Буџетот на Општината Штип за 2006 година се доделува финансиски средства на:

1. Уредувачкиот одбор за реализација на Проектот "Штип и Штипско" - 5.000 денари.
2. Регионалната синдикална организација, за издавање на книгата "Основни карактеристики на штрајковите во Источна Македонија - 5.000 денари.
3. Стојанов Душко, за издавање на книгата "Лозарството и старите казаници ."- 5 000 денари.
4. Здружението "Македонски Егеј "за програмски активности - 10.000 денари.
5. Национална установа библиотека "Гоце Делчев"за одбележување на јубилејот 60 години од постоењето на библиотеката - 10 000 денари.
6. Здружението на ромите "Черења", за одбележување на Светскиот ден на Ромите - 30.000 денари.
7. Градската блех музика "Методија Докузов"- 10.000 денари.
8. Аеро клубот "Штип"за организација на Светски куп во ракетно моделарство - 20.000 денари.
9. Сојузот за спорт и рекреација на инвалиди - Штип - 10.000 денари.
10. МЗ "Железничка", за закуп на просторија - месечно 3.000 денари.
11. МЗ "Врсаково", за реновирање на црквите во с. Врсаково", с. Судик и с. Сарчиево - 10.000 денари.
12. Црковен одбор на "Св. Ѓорги" с. Лесковица, за изградба на објект за кујна - 10.000 денари.
13. Црковен одбор на манастирот "Св. Богородица" с. Пиперово - 10.000 денари.
14. Јорданова Валерија, за постигнатиот успех за модна креација на Меѓународниот конкурс во Полска - 3.000 денари.
15. Горанчо Ангелов, за изготвување на ЦД со Македонски фолклор - 3.000 денари.
16. Јалдс Демирова, за лекување - 3.000 денари.
17. Мемедова Туркијан, за лекување - 6.000 денари.
18. Лазарова Јагода, за лекување - 6.000 денари.
19. Рајан Мемедова, за лекување - 3.000 денари.
20. Пецевска Софка, за лекување 6.000 денари.
21. Сенџан Демиров, за лекување 6.000 денари.
22. Николова Гордана, за лекување - 6.000 денари.
23. Ибраим Алиев, за лекување - 3.000 денари.
24. Миладинов Славчо, за лекување - 6.000 денари.
25. Миладинова Билјана, за лекување - 6.000 денари.
26. Верица Паризова, за лекување - 3.000 денари.
27. Дибрамов Ремзи, за лекување - 6.000 денари.
28. Георгиев Ванчо, за лекување - 6.000 денари.
29. Тасе Шаринов, за лекување -6.000 денари.

Средствата од точка 10 ќе се обезбедат со Ребаланс на Буџетот.

Секое посебно ангажирање на Градската блех музика "Методија Докузов" од страна на локалната самоуправа ќе се плаќа посебно.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Штип".

Број 0701- 1379/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

113.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

I

Се објавува Одлуката за изменување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1380/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

114.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип",број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, ПОЕДИНЦИ, ФОНДАЦИИ, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/06), во членот 6 во точките 1, 2, 3 и 4, алинејите пред износите (8.000, 6.000, 4.000 и 3.000) се заменуваат со зборот "до".

Член 2

Во членот 7 во став 2, алинеја 1 и 2, алинејите пред износите ( 20.000 и 10.000) се заменуваат со зборот "до".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1380/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим.м-р Илчо Захариев, с. р.

115.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ПРВ КВАРТАЛ НА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на буџетот на Општината Штип за прв квартал на 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1381/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

116.

Врз основа на член 36 точка 11 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и чл. 21 точка 26 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ПРВ КВАРТАЛ НА 2006 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општината Штип за прв квартал на 2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1381/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

117.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА РАДИО ШТИП ВО 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Зклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1382/2
4 мај 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

118.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/02) и чл. 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип",број 1/03),Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА РАДИО ШТИП
ВО 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на Радио Штип во 2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1382/1
27 април 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

119.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ
НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ДОМОТ НА МЛАДИ
ЗА 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Домот на млади за 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1383/2
4 мај 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

120.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ",број 5/02) и чл. 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип",број 1/03),Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ДОМОТ НА МЛАДИ ЗА 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Завршната сметка на Домот на млади за 2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1383/1
27 април 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

121.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ РЕКЛАМИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА БИЛБОРДИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за задолжување со комунална такса за истакнување реклами и поставување на билборди на територијата на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1384/2
4 мај 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

122.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03),Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО КОМУНАЛНА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ РЕКЛАМИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА БИЛБОРДИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Информацијата за задолжување со комунална такса за итакнување реклами и поставување на билборди на територијата на Општината Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1384/1
27 април 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

123.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОСТОЈБАТА СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО СЕЛО ВРСАКОВО

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со водоснабдувањето во село Врсаково.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1385/2
4 мај 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

124.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОСТОЈБАТА СО ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО СЕЛО ВРСАКОВО

I

Се усвојува Информацијата за состојбата со водоснабдувето во село Врсаково, со следниот заклучок:

- Проблемот за водоснабдувањето МЗ "Врсаково" да го реши со склучување на договор со ЈП "Исар".
-

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1385/1
27 април 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

125.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ОД КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА УТВРДУВАЊЕ ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДЕНИ ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Известувањето од Координативното тело за утврдување документација за изградени инвестициони енергетски објекти во Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-1386/2 | Градоначалник |
| 4 мај 2006 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

126.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ОД КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА УТВРДУВАЊЕ ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДЕНИ ИНВЕСТИЦИОНИ ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ВО ШТИП

I

Се усвојува Известувањето од Координативното тело за утврдување документација за изградени инвестициони енергетски објекти во Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 0701-1386/1 | Претседател |
| 27 април 2006 година | на Советот на Општината Штип, |
| Ш т и п | прим. м-р Илчо Захариев, с. р. |

127.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА "ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО"

I

Се објавува Одлуката за за реализирање на Манифестацијата "Штипско културно лето".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1387/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

128.

Врз основа на член 21 точка 31 и точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип"број 1/3), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА "ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО"

### Член 1

За реализирање на Манифестацијата "Штипско културно лето" се формира Совет.

Советот на Манифестацијата"Штипско културно лето" е составрен од претставници од Советот на Општината Штип и претставници од институциите од обласата на културата во Општината Штип.

### Член 2

Советот на Манифестацијата "Штипско културно лето" е надлежен за комплетната програмска шема и финансиска конструкција на Манифестацијата "Штипско културно лето".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1387/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

129.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДАВАЊЕ ПОДДРШКА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ДЕКАДАТА НА РОМИТЕ НА ГРАД ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ 2006 - 2010 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за давање поддршка на Акциониот план за декадата на ромите на град Штип за периодот 2006-2010 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1388/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

130.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03),Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДАВАЊЕ ПОДДРШКА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ДЕКАДАТА НА РОМИТЕ НА ГРАД ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ 2006-1010 ГОДИНА

I

Се дава поддршка на Акциониот план за декадата на ромите на град Штип. за периодот 2006-2010 година, со следните заклучоци:

- Советот за учество ќе цени посебно за секој проект.
- Се формира тело од членовите на Комисијата за општествени дејности и тоа Панче Пуздрлиски, Омер Демиров и Зоран Костовски. Телото има задача да врши лобирање и мониторинг.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1388/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

131.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО БАРАЊЕТО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДЛУКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ОД ТК"ТРИУМФ"

I

Се објавува Заклучокот по Барањето за постапување по одлуки и заклучоци од Советот на Општината Штип од ТК "Триумф" - Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1389/2
4 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

132.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ПО БАРАЊЕТО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ОДЛУКИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ОД ТК "ТРИУМФ"-ШТИП

I

По Барањето за постапување по одлуки и заклучоци од Советот на Општината Штип од ТК "Триумф" се заклучи:

- Одделението за урбанизам и заштита на животната средина и Одделението за комунални дејности да ја испитаат сопственоста на тениските игралишта и дали истите се водат како спортски објекти во Агенцијата за млади и спорт.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1389/1
27 април 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

133.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), член 98-а став 13 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ", број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05 и 35/06) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 17 април 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "ВАНЧО ПРЌЕ" - ШТИП

1. За директор на Основното училиште "Ванчо Прќе" - Штип **се избира Билјана Казанџиска**-наставник во одделенска настава во Основното училиште "Ванчо Прќе" - Штип врз основа на Предлогот на Училишниот одбор на ОУ "Ванчо Прќе"- Штип број 0201-249 од 14 април 2006 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 98-а став 13 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ", број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05 и 35/06) градоначалникот на Општината е должен во рок од 5 дена од добивањето на повторниот предлог од Училишниот одбор на Основното училиште да изврши избор на директор.

Имајќи го во предвид напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство**:

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на решението на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката на избор на директор до Второстепената комисија на Владата надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Број 08-1249/2 Градоначалник
17 април 2006 година на Општина Штип,
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

134.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/05) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 4 мај 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА НА ДИРЕКТОР НА ЈП ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ "ИСАР"-ШТИП

1. За вршител на должноста на директор на ЈП за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип **се именува Здравко Коцев**, досегашен вршител на оваа должност.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1433/1 Градоначалник
4 мај 2006 година на Општина Штип,
Ш т и п Панде Сарев, с. р.

135.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/05) и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 11 мај 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО РАДИО ДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ РАДИО ШТИП

1. **Се разрешува** Трајче Јованов од должноста директор на Јавното радио дифузно претпријатие Радио Штип поради истекот на мандатот.

2. За Вршител на должнста на директор на Јавното радио дифузно претпријатие Радио Штип **се именува Кирил Манев** од редот на вработените до реализирање на одредбите од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ, број 100/05).

3. Ова Решение влегува во сила цо денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1520/1
11 мај 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип
Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 105. | Решение за објавување на Одлуката за давање под закуп на деловен простор во село Врсаково | 122/6 |
| 106. | Одлука за давање под закуп на деловен простор во село Врсаково | 122/6 |
| 107. | Решение за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на фондација за развој на информатичката технологија-Информатички центар - Штип | 123/6 |
| 108. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на фондација за развој на информатичката технологија-Информатички центар - Штип | 124/6 |
| 109. | Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Општинската установа за култура "Дом на млади" - Штип | 126/6 |
| 110. | Одлука за давање согласност на Статутот на Општинска-та установа за култура "Дом на млади" - Штип | 126/6 |
| 111. | Решение за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства | 127/6 |
| 112. | Одлука за доделување на финансиски средства | 127/6 |
| 113. | Решение за објавување на Одлуката за изменување на Правилникот за критериумите и постапката за реализа-ција на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 129/6 |
| 114. | Одлука за изменување на Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица | 129/6 |
| 115. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на буџетот на Општината Штип за прв квартал на 2006 година | 130/6 |
| 116. | Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на буџетот на Општината Штип за прв квартал на 2006 година | 131/6 |
| 117. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2005 година | 131/6 |
| 118. | Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на Радио Штип во 2005 година | 132/6 |
| 119. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Домот на млади за 2005 година | 132/6 |
| 120. | Заклучок за усвојување на Завршната сметка на Домот на млади за 2005 година | 133/6 |
| 121. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за задолжување со комунална такса за истакнување реклами и поставување на билборди на територијата на Општината Штип | 133/6 |

| | | |
|---|---|---|
| 122. | Заклучок за усвојување на Информацијата за задолжување со комунална такса за истакнување реклами и поставување на билборди на територијата на Општината Штип | 134/6 |
| 123. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата со водоснабдувањето во село Врсаково | 134/6 |
| 124. | Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата со водоснабдувањето во село Врсаково | 135/6 |
| 125. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Известувањето од Координативното тело за утврдување документација за изградени инвестциони енергетски објекти во Штип | 135/6 |
| 126. | Заклучок за усвојување на Известувањето од Координативното тело за утврдување документација за изградени инвестциони енергетски објекти во Штип | 136/6 |
| 127. | Решение за објавување на Одлуката за реализирање на Манифестацијата "Штипско културно лето" | 137/6 |
| 128. | Одлука за реализирање на Манифестацијата "Штипско културно лето" | 137/6 |
| 129. | Решение за објавување на Заклучокот за давање поддршка на Акциониот план за декадата на ромите на град Штип за периодот 2006-2010 година | 138/6 |
| 130. | Заклучок за давање поддршка на Акциониот план за декадата на ромите на град Штип за периодот 2006-2010 година | 138/6 |
| 131. | Решение за објавување на Заклучокот по Барањето за постапување по одлуки и заклучоци од Советот на Општината Штип од ТК "Триумф" | 139/6 |
| 132. | Заклучок по Барањето за постапување по одлуки и заклучоци од Советот на Општината Штип од ТК "Триумф" | 139/6 |
| 133. | Решение за избор на директор на Основното училиште "Ванчо Прке" - Штип | 140/6 |
| 134. | Решение за избор на вршител на должноста на директор на ЈП за комунално-производни и услужни работи "Исар"-Штип | 141/6 |
| 135. | Решение за разрешување и именување вршител на должноста на директор на Јавното радио дифузно претпријатие Радио Штип | 142/6 |